Архивски број: 08-110/2
29-01-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-851/1 од 18.12.2023 година, поднесена од [redacted] од Куманово, со адреса на живеење на [redacted] во Куманово, за извршена дискриминација во областа на јавното информирање и медиумите, сторена од страна на лицето [redacted] преку социјалната мрежа Фејсбук, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација "(Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-851/1 од 18.12.2023 година, поднесена од лицето [redacted] од Куманово, **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ**.

## О б р а з л о ж е н и е

На 18.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Куманово заведена под број 08-851, а против лицето [redacted], за сторена дискриминација во областа на јавното информирање и медумите.

Согласно член 24 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

На 15.01.2024 година Комисијата, согласно член 24 став (2) од Законот за спречување и заштита од дискриминација, до подносителот достави Барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен во рок од 8 дена од приемот на истото да ја доуреди претставката, така што ќе ги наведе потребните елементи за доуредување на претставката, а особено да ги достави потребните податоци за потенцијалниот дискриминатор – адреса на живеење, како би се исполниле условите Комисијата по службен пат да ја достави предметната претставка на произнесување.

Подносителот на претставката достави Известување број 08-110 од 22.01.2024 година, но не ја доуреди претставката, со посочување дека адресата на потенцијалниот дискриминатор не ја знае ниту има намера да ја бара и достави до Комисијата, затоа што нема намера лично да ја гони именуваната и дека доколку постои заинтересираност од страна на Комисијата, вработени службени лица по службена должност да ја контактираат именуваната преку Фејсбук и лично да ја прашаат за адреса. Во однос на околности и факти на кои се темели претставката посочи дека смета дека се доволно објаснети во веќе поднесената претставка.

Во смисла на наведеното, комуникацијата преку социјалната мрежа Фејсбук не може да се смета за службена комуникација, а во недостиг на потребни елементи постои процедурална неможност за понатамошно водење на постапката пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, поради што Известувањето на подносителот не може да се смета за доуредување на претставката. Согласно изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на овој Заклучок.

Скопје
26.01.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk